МИТРЕ МОЈСОВСКИ

# МАКЕДОНСКА ВИСТИНА

## СТИХОЗБИРКА



Печатена 1984 – 7492  Електронски Формат ПДФ 2024 – 7532

МИТРЕ МОЈСОВСКИ

# МАКЕДОНСКА ВИСТИНА

## СТИХОЗБИРКА



**Печатена 1984 – 7492  Електронски Формат ПДФ 2024 – 7532**



**Поетот Маченик – Митре Мојсовски на своите 24 години**



**Поетот Маченик – Митре Мојсовски во Јуни 2024 година**

Издавач на печатеното издание на Македонска Вистина беше Златен Статер. Печатеното издание на Македонска Вистина беше напечатено во 1984 година по Римокатоличкиот календар а по Македонскиот календар 7492 година. Печатеното издание беше печатено во печатницата *Браќа Миладиновци* во Сиднеј Нов Јужен Велс – Австралија. Технички уредник Ангеле Вретоски. Електронското ПДФ издание со барање и одобрение од самиот поет Митре Мојсовски го приготви Ангеле Вретоски во 2024 година по Римокатоличкиот календар а по Македонскиот календар 7532 година.






# ПРЕДГОВОР

Јавната патриотската дејност на поетот мачeник Митре Мојсовски започна во 1978 година, во Сиднеј Австралија. Откако ги прочитал првите 3 броја на списанието Глас на Македонците, Митре стапи во контакт со Крсто Енчев Димитров председателот на Македонското Културно и Просветно Дружество за Австралија (МКПДА) и после разговорот со Крсто постана редовен член. Митре во МКПДА остана до крај во најтесното раководство и неколку години беше преседател а подоцна и благајник.

Желбата на Митре од секогаш била да јавно ја искаже неговата болка за Македонија и Македонскиот народ. Митре е роден во Народна Република Македонија во Охридското село Речица но израснат во Автономната Покраина Војводина. Израснат во средината на големо српските идеи за евтина работна рака од страна на Македонскиот народ.

Од првиот ден како член на МКПДА Митре не пропушти ни еден печатен ден во печатницата Браќа Миладиновци и тоа во приготвување на хартијата за печатење, правење на алумински калапи, сортирање и виткање и поврзување на списанијата и другите печатени книги и летоци.

Митре беше помеѓу првите членови на Народната Македонска Револуционерна Организација (НМРО) и во името на НМРО секаде со Македонското Знаме со Сонцето на сите демонстрации со летки и списанија. За Митрета Знамето со Сонцето во неговите раце беше и остана како тежок митролез со кој ги косеше сите анти македонски непријатели јавно и без страв како вистински Македонски револуционер и патриот.

Напредокот во техниката за комуникација Митре ја прифати сериозно и скоро секогаш во последниве 10 години бараше од мене да се што имаме печатено и поготово наговата книга биде препишана во електронско издание збогатена со слики и на крај еве и тоа стана.

Желбата на поетот мачeник и вистински револуционер и финанциски помагач на сите македонски работи успеав да му ја исполнам неговата желба да неговата книга Македонска Вистина излезе во електронска форма и достапна не само за неговите пријатели туку и за целата македонска јавност.

Ангеле Вретоски 2024 година по Римокатоличкиот календар а по Македонскиот календар 7532 година Аделаиде Јужна Австралија.



Ангеле Вретоски и Митре Мојсовски во Август 2007 година



**Родното село на Митре Мојсовски Речица Охридска Околија**

## АВТОБИОГРАФИЈА НА АВТОРОТ МИТРЕ МОЈСОВСКИ

На крајот од октомври 1947 година, во едно студено утро, куќата која се наоѓа до селската чешма на село Речица, сум се родил јас – како прва радост на моите родители.

Иако скоро целиот мој живот го имам поминато многу – многу далеко од моето родно село Речица, јас никогаш не го имам заборавено. Моето родно село е опкружено со такви прекрасни природни убавини – кои само во Македонија можат да се сретнат.

Недалеку од нашата стара и напуштена родна куќа се гледаат реки по кои нашето село го добило името Речица. Од другара страна на нашата куќа се наоѓа старата црква Свети Ѓорѓија во која моите соселани наоѓале духовна утеха во најтешките моменти од својот живот, или пак во таа света црква моите соселани го започнувале и го завршувале својот македонски православен живот.

Што да кажам за моето детство во родното ми село? Благодарение на неписмените комунистички властодршци јас немам ништо во моите спомени што да кажам! Лудите авантури на комунистичката партија натераа со стотици македонски фамилии да ги напуштат своите родни села. Со забрана на козите им се скрати животот на народот во сите планински села. Се разбира дека оваа работа стана поради што некои од на братската заедница имаа потреба од евтина македонска аргатска рака. Една од овие несреќни македонски фамилии беше и татковата ми фамилија.

И јас сум еден од тие несреќници кои од своите најрани години морав да ги поминам во недогледната рамница на Војводина.

И така мојата судбина се тркала до денешни денови. Од првите школски денови па се до Филозофскиот Факултет во Сиднеј Австралија секогаш на туѓ јазик морав да учам.

Мојот вистински Македонски живот започна во Сиднеј, каде имав прилика да сретнам Македонци од сите поробени делови на нашата убава но несреќна Македонија. Започнав да се движам и разменувам мисли со несреќници како мене. После извесно време во моите раце попадна списанието Глас на Македонците. Јас започнав да го читам со тешкотија, поради што за мене како Македонец – македонските напишани зборови беа туѓи. Но само благодарение на МАКЕДОНИЗМОТ искажан во Глас на Македонците, јас започнав да читам и пишувам на Македонски. Да почитуван читател, тука во оваа за нас Македонците слободна Австралија, јас научив да читам и пишувам на Македонски.

После прочитувањето на неколку броја на Глас на Македонците, јас започнав да ја разбирам сопствената ми трагедија и судбина на сите како мене. Историјата на Македонија дотогаш за мене беше туѓа и нешто што не постои. Историските материјали напишани во списанието Глас на Македонците ме натераа да ги побарам историските книги и енциклопедии кои се пишувани на Англиски јазик и да проверам дали тие работи се точни. Бев просто шокиран кога започнав да читам за Македонските: Кралеви, Филозофи, Императори, Историчари, Војводи, Писатели, Поети и безбројните херои кои паднале за подобрата иднина на својот Македонски народ и за самосталноста на својата земја Македонија.

Не помина долго време и јас постанав член при Македонското Културно Просветно Друштво за Австралија. Мојата вечна благодарност останува до *Стариот* – Крсто Енчев Димитров, кој во тоа време беше претседател на Друштвото и кој ме упати по

вистинскиот пат во борбата за слободата на нашиот Македонски народ. **„Само со историско познавање за Македонија и Македонскиот народ и со широко народно срце ќе ги срушиме сите државни господари“** – овие зборови ме натераа да од утро до вечер учам за Македонија. Ми стана јасно, за да се бориш треба да знаеш, а најсилното оружје е книгата.

После извесно време постанав редовен помагач при Редакцијата на Глас на Македонците каде имав прилика да видам голем број на книги. Покрај моето големо интересирање за Македонската историја и филозофија, во мене се разбуди голема лубов кон литературата. Со неуморност ги читав делата на: Григор Прличев, Браќата Миладиновци, Кочо Рацин, Коле Неделковски, Никола Вапцаров и делата на другите понови писатели и поети. Најповеќе бев зачуден од биографијата на горе споменатите поети? Се чудев и восхитував на нивната храброст и нивната тешкотија да остават едно ретко културно народно литературно богатство и покрај тешките асимилаторски пропаганди и до смрт гонења на сите Македонисти.

Инспириран од тие литературни дела, во мене се запали неугаслив оган да и јас напишам нешто за мојот народ. Но како да започнам? Без Македонско школо и без познавање на Македонската граматика? Но благодарение на членовите од Друштвото кои ми дадоја храброст и ми помогнаа да ги поправам грешките во моето пишување, јас започнав да пишувам свои творби во списанието Глас на Македонците.

Во истото време, во населбата каде живеев почна да се собира една поетска група – или некаков си збир на јужни словени кои сакаа да ја матат паметта на прогресивните македонци во Сиднеј. Критикувани за нивните Јужно словенски или подобро речено Србо словенски лаги дел од тие членови решија да создадат чисто Македонско Литературно Друштво кое ќе го носи името на Македонскиот Поет Страдалник Григор Прличев. Јас, а и неколку други од Редакцијата на Глас на Македонците постанвме темелни создавачи на ова Друштво. Со гордост се запознав со постари вистинско природно надарени поети кои за жал и нивна страм – беа историски слепци и конзуларски лигајчари. Не можев да разберам зошто во оваа слободна Австралија македонци истерани од економско ропство мораат да се плашат и да им слугуваат на големо србите. Како награда за моите штитења за Македонската Кауза, и за моите барања да Македонскиот поет мора да е и револуционер до колку сака да неговите дела се Македонски јас и уште неколку мои браќа по писмено барање на Матицата на Иселениците од

Македонија бевме писмено исклучени од Друштвото Григор Прличев.

Мене ме опфати таква лутина кон неколкуте Удбашки Загари од друштвото Григор Прличев што бев решен да им платам за нивното безобразие и диктатура во демократска Австралија. Причините за нашето исклучување и тоа со тајно гласање и без наше присуство беа кратки и јасни – „Не лојалност кон србо-југословенскиот режим“ кое носело штета за опстанокот на Друштвото, кое по некогаш добиваше по некоја сува коска од Југословенскиот Конзулат. Во тоа време Литературното Друштво Григор Прличев, со своите тапо-умни славјанофили сосила им се подаваше – улизуваше на конзуларските мафијаши.

Овој случај ме налути до таа мера што бев готов на се. Но братот Вретоски ме убеди дека моја најголема освета ќе биде до колку јас успеам да издадам своја поетска книга, со кое ќе им докажам на тие тапо-умни анти-македонски славјанофили дека за да бидеш Македонец не значи да бидеш и слуга. Да така и стана! Јас решив иако со голема тешкотија да им докажам што значи храброст и решеност да пишувам реалистика во моите творби.

Се надевам дека мојава книга и моите творби ќе разбудат многу скриени поетски таленти а воедно истите ќе се потрудат да напишат и тие по нешто за страниците на нашата културна историска традиција.

На *ОНИЕ* кои веќе со години се слават – сами се рекламираат како поети и писатели се надевам дека мојава книга ќе им создаде завист и љубомора, со кое ќе ги натерам нивните вистински природно поетски таленти ги ослободат од словенската заблуда и прекинат да бидат слуги на туѓите пропаганди.

Митре Мојсовски – Сиднеј Австралија 1984 година.

# ПАК ЌЕ СЕ РОДАМ

Таа ноќ – на Слободата срцето мое и го
отворив!
На властници судбината предавничка им
Затворив!
Таа ноќ на вистината – врата се отвори!
Грешката стара нема да се повтори!

**И ПО СМРТТА ПАК ЌЕ СЕ РОДАМ!**
**СО МОЕТО ДЕЛО БОРБА ЌЕ ВОДАМ!**



## ЗАКЛЕТВА

**СЕ КОЛНАМ ВО ИМЕТО НА БОГА И ПРЕД СВЕТАТА БИБЛИЈА, ЧЕСТА И ТАТКОВИНАТА ДЕКА ЌЕ БИДАМ ВЕРЕН НА МОЈАТА ЗАКЛЕТВА СЛОБОДА НА МАКЕДОНИЈА**

**ИЛИ**

**СМРТ НА НЕПРИЈАТЕЛОТ**

**АКО И НАПАКОСТАМ СО НЕШТО НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ИЛИ АКО ГИ ПРЕДАМ ДОВЕРЕНИТЕ ТАЈНИ ГОТОВ СУМ ДА БИДАМ КАЗНЕТ СО КАМА ИЛИ РЕВОЛВЕР КОИ ГИ БАКНУВАМ АМИН**

**ДА ЖИВЕЕ СЛОБОДНА И ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНИЈА СО ГЛАВЕН ГРАД СОЛУН**

# МАКЕДОНСКА ВИСТИНА

Втората Световна Војна заврши...
Корупција и лага – до денеска не доврши...
Многу млади деца од Македонија истерани...
Пред капиталистички пазар дотерани...

Лажни комунисти многу лаги мелија...
Туѓа земја во Банат – делија...
На итар начин Македонците ги иселија...
Срби и Шиптари на нивно место населија...

Во Банат на „Германци" ниви и куќи им одзедоа...
За србо-југословенски јаничари – место направија...
На господари срби – помош им испратија...
А во Македонија се им искрадија...

Во редици не наредија како стока...
Во дваесетти век – но уште сме робје бело...
Брашно со трици нам дадоја да се лока...
Српската замисла започна на дело...

Србите не нас презираа...
Шиптари не нас викаа...
И со камења не бркаа...
Од Македонска пот лакомо кркаа...

Не можам да заборавам – иако бев дете...

Во дечки дом – судбината не смете...

Бос по калта – и во студ нозете ги миев...

Поради српски навреди – со сите се биев...

Селски деца – и просвета српска лажна...

Партиски србомани – простаци разни...

Од Македонските сирачиња – јаничари правеја...

Тие лажни провокатори – нас не деца мамеја...

Кога пораств – решив да излезам...

Од проклета сиромаштија да избегам...

Далечна земја преку океани да видам...

Каде ќе се населам – и чист Македонец да бидам...

Дење работи а ноќе учи...

Македонски јазик мора да се научи...

Во Австралиско школо – просвета добив...

Но во пуста религија се заробив...

Но – нели сум Македонец прави...

Религијата ме само за кратко мами...

Македонец верува – во она што само гледа...

И затоа ја напуштив религиозната беда...

До Факултет со учење достигнав...
Каде за Македонија знаење многу нема...
Македонизмот мир од срце ми зема...
Од Македонски дух не се бега...

Среќа беше - *Глас на Македонците* - да видам...
Кое ме натера *Поет-Револуционер* да бидам...
Со Пирински – Македонци чисти...
Се сретнав после - и разменив мисли...

И посакав да научам што мoжи појќе...
Започнав да учам за Македонија и ноќе...
И читав книги со историска вистина...
Затоа ја видов Македонската бистрина...

Со совети од Браќа Пирински...
Застанавме во Сиднеј – дела тирански...
А *Стариот* ми рече – учи – учи Митре Охридски...
За доброто на наш народ Македонски...

И не е уништено на *Крал МАКЕДОН* племето...
Ниту на Филозоф *Аристотел* семето...
Филип втори, Александар трети и Делчев што не довршија...
Борците на Н.М.Р.О – за скоро ќе довршат...

Јануари – 1981 година




Крсто Енчев Димитров, Ангеле Вретоски и Митре Мојсовски во печатницата за време печатењето на книгата Македонија

# СВЕТЛИНА

Кажувам вистинити мисли!

Можеби и твоите да се исти?

Мојот поглед е ко Охридската вода бистра!

Револуционерниот мој живот ко природа чиста.

Некој ни ја запира СВЕТЛИНАТА?

Некој со лаги не пушта во ТЕМНИНАТА?

Ќе му смачкам славјанската му душа ГРЕШНА!

И ќе му срушам Русофилската идеа СМЕШНА!

Посветена на Политбировската Мафија на ДООМ



# ДОЈДУВА

И што да речам сега?

За ропството да бега!

Кој е сега против НАС?

Ќе се борам до смрт јас!

Чедата на ВЛАСТТА не судат?

Но со тоа народот наш го будат!

ВЛСТНИЦИ на народ крв му пијат!

Македонски борци ни ноќе не спијат.

Во борба против властници клети!

Со оружје во рака – се да се мети!

Ропството од Македонија си сјојдува!

Македонска светлина за цел свет – дојдува...

# НА КОМУ ДА СЕ ЖАЛАМ

На кого да се жалам?

На кого да му кажам?

Кој во светот сега слуша?

Што од ропство сме до гуша!

Поминаа години златни!

А дојдоја времиња матни!

Технолошки промени силни!

Властниците не стојат мирни?

Денешницата е скоро изгубена?

Волјата на работниците е разбиена!

Атомски бомби на секаде темпирани!

Диктатура властничка силно е развиена!

Целиот свет зависи од компјутери?

А знаеме дека и тие прават грешки!

А светот да гори не е никаква смешка!

Судбината на целата планета е тешка!

Од власта добро нема!

Целиот труд го таа зема!

И синтетички храни јадеме?

Од атомско доба – се гадиме!

Световната економија во загуби тешки?

Рускиот комунизам – детска смешка!

Македонизмот – Реализмот го створи!

И за цел свет за правда човечка се бори!

## БРАЌА И СЕСТРИ МАКЕДОНСКИ

Македонски ГЛАС, кој иде до ВАС!

Преку морињa и океани, дојдува до НАС!

За маките на Браќа и Сестри ПОРОБЕНИ!

А во Републиката од свои ЗАРОБРНИ!

Сега полошо е и од Турски ТИРАНИ!

Владеат во СРМ волци не ИЗБИРАНИ!

Народе Македонски, за скоро слобода ќе ВИДИШ!

На тирани господар ТИ ќе им БИДЕШ!

Декември – 1982 година

## МАКЕДОНЦИ

Македонци зошто спиете?

Македонци зарем се предадовте?

Македонец на свое име е наречен –

Од пред Ристос и животов денешен.

Руси, Срби и Бугари – се сторија!

Од Македонци просвета добија!

И от тој ден, па се до денеска!

НЕ – признаваат народ Македонски!

На Илинден девесто и трета,
Македонска РЕПУБЛИКА процвета!
Комшиите Македонски гладни,
пробаа кој повеќе да грабни.

Вистината на дело се виде!
Кога Македонска кралска гробница – се најде!
По 2500 години, Грци со лаги пробаа?
Филип Македонски – да сега по грчат.

Време е браќа и сестри Македонци!
Несрушливо единство да створиме!
Да застанеме пред тројни крвници!
Честа на Мајка Македонија да браниме!

1978 – година



# КОМИТА

Македонија во ропство тиранско се –

наоѓа!

Македонски комита од печалба на помош –

доаѓа.

Македонијо! Ти ќе ни живееш со –

векој,

не те даваме повеќе ние на –

никој.

Мисли и живеј, во овие денови –

лоши,

се ближи ден и за душмански –

кожи.

Не заборавајте Браќа и Сестри, во еден иден –

Мај,

во Македонија за секогаш ќе настапи –

Рај.

Јануари – 1979 година

# МАЈКО МАКЕДОНИЈО

Мајко моја – Македонијо!

Старо древна ТИ робијо!

Роди Мајко смел јунак!

Витез силен, цврст и јак.

О, јунаку Македонец!

Страв и трепет за душмани.

Мајката те твоја храни!

Слободата ти за неа брани.

Мајкати те моли и чека

Копнежот и гради пара

Жива биди ТИ довека

Син ти Мајко – одговара

За Слобода света, јас ништо не жалам,

да ја згазам и смачкам црната робија.

Јас сум готов дури и животот да го дадам!

За да вечно живее Мајка – МАКЕДОНИЈА!

Август – 1978 година


Б.З.
МАКЕДОНЦИ И МАКЕДОНКИ, ПОМОГНЕТЕ НА РОДИНАТА СИ!

# ЗАВЕТ НА ГОЦЕ

Војводо ГОЦЕ – учителу наш,
тргнав и јас – по патот ваш.
И со смртта во село Баница,
не угасна ѕвезда Деница!

УДБ-ашко проклето племе,
потомци на србоманско сема.
На глупостите секој им се смее,
Титовите илузии – ветрот ги вее.

Во Идризово Македонските борци ги бијат,
џелатите на Дракул Тито садистички ко волци вијат.
За Обединета Македонија – не даваат да се збори,
добро-соседство со грци и бугари требало да се твори.

Со бомби и пушки во рака!
ќе срушиме Македонска мака.
Сонцето во Македонија – слободно да грее!
И од гроб Гоце Делчев – радосен да се смее,

Јули – 1983 година




# МАКЕДОНСКА ЖЕЛБА

Желба имам, Охрид да јас видам?

Кај Охридската тврдина да бидам!

Таму каде вечно спие Св. Климент!

И неговиот брат Св. Наум Охридски!

Синови и учители Македонски!

Што и други учија покрај Македонци!

Со Божјо слово и лубов Христијанска!

Со писменост стара и света наша.

Ој – Клименте и Науме Охридски!

Охридски зборој – чисти Македонски!

Бистра вода и тврдина стара!

Слободата сега целосна ја бара.

Станете Светци – пламени Македонски!

Неблагодарно Славјанско племе!

За ВАС учители безброј лаги меле!

И Македонија со Грците ја дели.

## ЗА РОДНО СЕЛО РЕЧИЦА

О – далечно мое село,

со планини и реки чисти.

И оставеното мое стадо бело,

и езерската вода бистра.

О – не заборавени селски слави,

и селски момиња млади.

Од далечна земја тага ме дави,

за планински извори со води ладни.

И облаци над село солзи леат,

а воденици напразно мелат.

Од лажни комунисти бесни,

на кои вили и мерцедеси им се тесни.

О – Браќа и Сестри останете во села наши,

и земете пушки во раце ваши!

Ставете им крај на тирани клети!

И дајте на СОНЦЕ слободно да свети.

Мај – 1979 година



Сателитски поглед на село Речица Охридска Околија

# МАЈКО

Те оставив, о Мајко моја,
сама, немошна и стара.
Кажи ми нешто, за судбата твоја,
и дали ме чекаш на предната врата.

О-Мајко, од жал ти сега плачи,
и на душмани гордо им кажи;
За слобода мој се син Бори,
за Независна Македонија тој твори.

Мајко јас заминав од тебе,
но љубовта за тебе – е уште в ‘мене,
Не тажи – што син ти комита оди,
со окупатор и влстници борба води.

Мајко Македонијо моја,
се ближи крај на несреќа твоја!
Кажи им на борците твои – таму; ...
дека сме спремни и ние од ваму.

Јуни – 1979 година

# ЗАКЛЕТВА

Кога Тебе Брат Шамбе, во гроб те положија,
издајници и за Богдановски се заложија.
На сите страни Русофили трубат,
како Богдановски да погубат.

Кога Солунски во ДООМ влезе,
се чесно од ДООМ излезе.
Солунски – Македонско име носи,
но со Руска сила на Македонците им пркоси.

Русофилска политика клета,
од Македонистите си проклета.
За ова Солунски ќе ти се света,
нема друго што да ти вета.

На гробот на Шамбе – клетва си ветив,
на убијците негови, има да им се осветам.
Ој, вие убијци крвопијци проклети,
од затвор и Богдановски ќе ви се свети.

**Заклетва на Македонија и давам!**
**Предавниците во гроб ќе ги ставам!**

Март – 1980 година



Благоја Шамбевски - Шамбе



# НА ГРОБОТ НА САНДАНСКИ

1969 година – одамна измина ...

Животот во ропство ми помина ...

На гробот на Јане – по патишта тајни ...

И клетва му дадов – за идеали сјајни ...

Солза од очи ми тогаш капеше ...

Ропството над Македонија ме мачеше ...

Во борба за Илинденство – јас слушнав глас ...

И затоа Јане до гроб Македонист ќе бидам јас ...

## ИСКРЕН ПРИЈАТЕЛ

**(Адам Вробел)**

Новогодишни денови радосно идат

Радосни татко и син ќе се видат

Адам Вробел сина си го виде

Но за кратко со него биде

Смртта клета – во гроб го стави

Жалост и тага во СИТЕ остави

Бог да ти прости душата добра

За тебе Адаме ја пишам оваа творба.

ТИ пријател до гроб ми беше искрен

Чесен и за човечки правдини бистрен

За спомен Адаме оваа песна ја пишам

За искрен пријател со тага дишам.

# НА КРСТО ЕНЧЕВ ДИМИТРОВ

Судбината тешка твоја,

постана школа моја.

И све што ТИ мене ми збори ...

За Македонски народ добро се твори.

Против *властници* ме учи да се борам,

со историски знаења полемики да водам.

И ако умреш – пак ќе се родиш!

Против *словенски* лаги борба ќе водиш.

И цел живот за БРАТСТВО се бориш,

но за себе само – неугодности твориш.

Со знаење и идеи - и ЈАС не сум беден,

На Н.М.Р.О до смрт ќе сум верен.

И нека ТИ живот што подолг ти биде,

идеите твои цел свет ќе ги виде.

Јануари – 1981 година



**Крсто Енчев Димитров**

# БРАТСКА ВЕЧЕРА

Тмурен облак, светло Сонце крие,
со дожд се спрема земјата да мие!
Затемнато Сонце тајните ги крие?
О – сакано либе, заедно сме ние.

Од облаци тмурни, секајца секна,
громогласен грмеж, над нас екна!
Силен дожд нашата кола ја мие.
за тебе либе, срцето ми лудо бие!

На поканото место, со либе ќе бидам!
Браќа од Вардар, Егеј и Пирин ќе видам!
Револуционерни Браќа – со години ве барав!
За Целокупна Македонија – животот го давам!

Благодарам Браќа, за вечера ваша.
Благослов давам за победа НАША!
Благодарам Браќа – за помошта ваша!
Со благослов вака – во Македонија НАША!

Мај – 1979 година



# ПОРТРЕТ НА ПОЕТОТ

Таков е денот и списокот
надвор од светот ова утро.
Одам и не ги слушам
вашите здружени мисли
и желбата неразбрана
која поминува секавично
низ вашите мозоци.

Моето благо лице,
неосетно пропаѓа,
а сончевите зраци
паѓаат на моите очи
да немам време да мислам.

Бела книга се врти,

лист по лист, нечујно.

Боја се менува од светла, посветла

желба за загубена ноќ

не е време за трпење.

Јас сакам минута по минута

сат по сат до два.

Кога јас заминувам

ништо не можам

Тебе да ти кажам.

Се што е во мојава глава

таму останува – оди .....



# ОГАН

Зборувам и ве поздравувам,

од мислите грешни оздравувам.

Мојата совест е чиста,

ко Охридска вода бистра.

Маглата се изгуби, и оган гори,

предавници клети од него мори.

Мојата смрт – иден живот ќе биди,

Македонски народ – слобода да види.




Митре во Славно Илинденско Крушево

# ЗОШТО ДА ИМА ПРЕПРЕКА

Зошто да има препреки тешки?

И зошто се прават глупави смешки?

И зошто не стегнете оружја тешки?

И зошто се уште прават – глупави грешки?

Па нели сме и НИЕ луѓе чесни?

Па нели пееме за правдини песни?

Па тргнете Браќа по душмани бесни!

Па нека *властници* минат низ врати тесни.

И време е сега – крај на препреки да биди!

И секој слободата јасно да ја види!

А душман од затвор тоа да го гледа!

И да нема препреки и никаква беда.



# ВЛАСТНИЦИ

Со властници на стол си
седам,
и на нивни глупави зборови се
смеам.
За слобода се мачам да им
прикажувам.
но испадна, како на дрво и камење да
раскажувам.

А, срце уште голема надеж
има,
што властник никаква способност
нема.
Ни за една, за слобода
песна,
се надеваат, на Удбашката соработка
тесна.

За правдата света, душа и срце ме
болат,
што тројни душмани, колат ли –
колат.

Не можеме ни Македонско оро да
заиграме,
но, се ближи ден, ИЛИНДЕНСКО оро да
доиграме.

Илинденски ора, со векови се водат и
водат,
штом водачи наши по туѓи патишта одат и
одат.
За лична слава, и сатанска власт
проклета,
властници царски господари, душа им
заклета.

И на ИЛИНДЕНСКО се оро тие
фатија,
линијата на ДООМ, од корен ја
изматија.
На туѓа партија дадоја нивна
клетва,
но ќе бидат исчистени од народна
метла.

Не се плашам од властници

клети,

и од силата на Политбировци

проклети.

ДО СМРТ, ПО ПАТОТ НА ГОЦЕ

МАКЕДОНСКИ,

И НА НЕГОВ ВЕРЕН ДРУГАР, ГЕРЕЏИКОВ

ТРАКИЈСКИ.

Април – 1979 година.

## НЕПРИЈАТЕЛСТВО

Непријателство се шири против –

мене?

Од ласкави мудрувања лагата –

вене!

Довчерашни Браќа? – до кога –

вака?

Од злобите ваши – Организацијата во тешка –

мака?

Ој предавнички демони –

клети!

Душманот во свои мрежи ве –

сплети!

Измислени лаги против мене –

зборат?

На душманите задоволства им –

творат.

Престап против нивни закон сум –

правел?

Братство *СЛОВЕНСКО* од колосек сум –

вадел!

Но јас не можам мирно да –

спијам.

За правдата вечна борба ќе –

водам!

И до смрт – за Македонија ќе се –

борам!

Македонски синови и ќерки верни –

бидете!

Ако сакате слободата да ја –

видите ....

Посветена на сите заблудени славјанофили




**Трајан Аневски и Митре Мојсовски во одбрана на Македонизмот**

# ПОВРАТНИЧКА ВИСТИНА

Од Македонија во Австралија пак се вратив
Властници пак за долари назад ме испратија!
Комунистичка – властничка банда стара
Македонија ја држи со превара.

Канцелариски служби властници имаат?
Од странство долари добиваат.
Многу мина повратници, куќи си направија?
Куќи си направија, но пак така ги оставија.

Преку етник радио – лаги се шират!
Во Македонија работа има да бираш?
Кога за работа таму ќе бараш,
Срце од јад ќе ти се распара.

Уште од врата службеник ќе те искара.
Ако не му подариш печалбарска пара.
Сето ова е песма стара. . . . .
Која сите нас – Браќа во странство истера.

Лаги, лаги – Браќа на секаде се шират.
И овде од УДБ-аши, си немаме мира.

Ајде сега сложно ние Браќа сите,

Да на УДБ-ашите им ги изброиме дните

Април – 1980 година, после одморот.

## ДО ПРЕДАВНИЦИ КЛЕТИ

Предавници клети народ ќе ви плати
што лажете народ грев ќе ве фати.
За сопствена слава и пари се борите
на душмани слава им творите.

Со словенизам народе мој те лажат,
за југословенизам децата ти мажат.
Со југо-конзул тебе ти претат,
а на србизмот патот му метат.

Н.М.Р.О е живо, и таму и тука!
Во Македонија се веќе и пука!
Предавници клети – послушајте вие,
за скоро секој јавно ќе ве бие.

Март – 1983 година.

# СЛОВЕНСКИ ЈАНИЧАРИ

По гради се чукаат – Македонци биле?

Плачат пред нас – на конзулот слуги тие!

Во една сабота црна?

Конзулот мозоци им мрдна!

Гоцеви мустаци носат за имитација?

Имотите Македонски на лицитација!

Пред народ се прават чесни!

Југословенските загари бесни!

Во Рокдале пред бирарија една!

Се собрала удбашка банда бедна!

На Македонците за југославија им зборат?

Во СРМ богатство без труд си творат!

Во Розбери Општината наша света!

Јаничари клети ја ставаат на мета!

Присуството на народ очите им бодат!

Без пари назад во СРМ треба да си одат!

Од мерцедес титово конзулче – грачи!

Македонци прави – сака да мачи!

Јаничари во србо-југословенски сон спијат?

Мозоците нивни – со ништо не се мијат!

Лажни пропаганди насекаде се шират!

Се плашат Општините да не се смират!

Но Розбери и Рокдаел – братство ќе прават!

Јаничари разни за гуша ќе дават!

Удбашко конзуларче по куќи оди!

Јаничари прости – за огламник води!

Македонците од ропски сон се будат!

На УДБАШИ разни тешко ќе судат!

Ој словенски јаничарски слуга!

Цел свет зад грб ти се руга!

А конзулот клет – сили назад ќе се врати?

Или Н.М.Р.О во сандак коски ќе му прати!

Запаметете добро – јаничари клети!

Илинденство сите ВАС ќе ве смети!

ЈУГОСЛОВЕНСТВОТО е ропство до гуша!

Цел свет за тоа сега слуша!

За скоро сите Македонски тирани!

Кој од народ не се бирани!

И јаничари за пари собирани?

Низ иглени уши ќе бидат навирани!

Македонизмот со словенизмот борба води!

Словенизмот научно пред секого ќе боди!

Балканската тиранија за скоро во гроб!

Македонизмот нема да е веќе роб!

Н.М.Р.О – борба ќе води славно!

Со јаничари ќе се бори јавно!

Словенизмот и сред Москва ќе се срами?

За тоа што со години светот го мами....

## МАНТИИ УДБАШКИ

Удба македонски попови во странство

прати

умот на Македонците да им го

мати.

Во име на Тито, молитви да

Кажат,

мачченички народ бестрамно да

Лажат

Со полни торби – ненаситни за пари

души

со пљачкање од икони – црквите во кредити до

гуши..

Црквите наши кредити не можат да си

платат,

од Удбини попови единство што ни

матат...

Март – 1979 година.



## ПОПСКИ ИНТРИГИ

Двајца млади се сакаа,

Секакви препреки прескакаа,

Економски – политички и критички,

За да животот им биде заеднички.

За венчавка момче се спрема,

Попски зборови го ставија во дилема,

Кога момче за венчавка го праша...

Тогаш попче за паричка прво праша...

Кога младите во црква пристигнаа,

Попче од под мантија плик подигна,

Евоти момче празен плик,

Да видам внатре пари со црвен лик..

Октомври – 1980 година.



Митре со саканата сопруга Елица

## ЛАЖЕН ПРИЈАТЕЛ – Г..... С.........

Пријател се пред мене правиш?

Пред другите многу за мене мамиш!

Лажни пријателе – дебелина ТИ фати!

Без работа и со мрза умот ти се мати.

Канцелариска болест ти дебелико имаш!

Со нова чанта без документи – а плата примаш?

Со клеветници кафиња безброј ти имаш пиено!

Пензија без болест – со лаги ти имаш добиено!

## ДАЛИ ЌЕ Е ТЕШКО

Тоа нема да е така тешко?

И ако во борбата ќе биде жешко!

Да заминам морам сега јас?

И збогум да земам од сите вас!

Мислите од моето минато време.

ги носам како тешко бреме.

Моето срце пак весело ќе биде,

кога окупаторот насекаде ќе се бие.

А сега – јас сум викнат да одам?

Со петорен душман – борба да водам!

Тешко е – и сите на ред плачат?

Но за скоро душмани до смрт ќе се мачат!

Со пушка во мојава рака,

Ќе ја рушам народната мака!

Ќе дојди денот и ТИ да се вратиш?

Нема вечно сама во странство да патиш!

Над Македонија ЗЛАТНОТО СОНЦЕ ќе се вее!

И секој во Македонија слободно ќе се смее!

Македонија пак – најсилната ќе биди!

И цел свет граници повеќе нема да види....

Јануари – 1984 година.

MACEDONIAN CULTURAL AND EDUCATIONAL SOCIETY-FOR AUSTRALIA